**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-28**
**27.01 2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-347/1 од 23.01.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси спротивно на член 141 од истиот Закон, од страна на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница, одржана на 24.01.2020 година, согласно Заклучокот бр.02-320/9 од 24.01.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси**

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, заради тоа што реемитувало програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), што е казниво по член 148 став 1 точка 25 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-347/1 од 23.01.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 23.01.2020 година, изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, при што констатираше дека наведениот оператор реемитувал програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-347/1 од 23.01.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-347/1 од 23.01.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и престанал со реемитување на програмските сервиси.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):
- Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.11-347/1 од 23.01.2020 година.

Доставено до:
- Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Управителот/одговорно лице на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

23.01.2020
11 347 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**1. Програмскиот надзор се врши како: <u>редовен</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид

**3. Датум на извршување на надзорот:** 23.01.2020 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19):

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите".

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

**5. Претходно изречени мреки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Охрид, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Rai Uno", „Rai Due", „Slovenija 1", „Eurosport 1", „Eurosport 2", „TRT Turk", „RTL"(германски), „RTL II"(германски), „Super RTL "(германски), „HRT 1", „HRT 3", „HRT 4", „Pro Sieben", „Sat 1", „TLC", „Animal Planet", „Discovery" и „VOX", кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**